КАНАБИС
ИНСТИТУТ
ПЕЛАГОНИЈА

# Предлог активности за имплементација на либерални политики за канабис во РС Македонија, во 2023 година

Со крајна цел, остварување на подобри економски резултати и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните на Република Северна Македонија, имплементацијата на либерални политики за канабисот (и конопот) е од суштинско значење на Владата на РСМ. Изборот на правилен бизнис модел и правен формат на регуларилање на овој сектор е од круцијално значење во процесот на форматирање на оваа политика. Следи листа на клучни активности за правилно регулирање на секторот:

1. **Формирање на национален проект за промоција на либералните политики за канабис во РСМ.** Проектната единица би се состоела од 6-7 експерти, во рамките на Министерството за здравство и би била одговорна за реализиацијата на точките од 2 до 6. Во рамките на овој проект ќе се формира и техничка работна група која што треба да ги координира сите останати министерства и агенции во делот на правната сигурност и отстранување на евентуални законски колизии.
2. **Изработка на национална стратегија за канабис и коноп**. Овој стратешки документ треба да ја дефинира насоката на движење на државната политика во секторот канабис, и тоа во насока на легализација и декриминализација на канабисот. Двата принципи, взаемно не се исклучуваат, туку се надолполнуваат и даваат можност за максимален здравстваен и економски бенифит на државата.
3. **Изработка на посебен закон за канабис (lex specialis).** За да се максимизираат ефектите од легализацијата и декриминализацијата на канабисот во РСМ, потребно е да се изработи посебно законско решение (lex specialis за канабис и коноп, како што е пример во Канада и САД) кое ќе даде цврста рамка за развој на секоја алка од пазарот, т.е ланецот на вредности и ќе овозможи привлекување на странски инвестиции и развој на домашни институции и развој на човечките ресурси.
4. **Основање на национална агенција за канабис и коноп.** Во новото законско решение ќе се дефинира профилот на националната институција која што треба да го регулира секторот канабис. Истата ќе ја преземе функцијата на главен движечки центар за развој и мониторинг на оваа политика.
5. **Припрема и реализација на национална кампања за промоција на здравствените, економските и социјалните придобивки од интеграцијата на канабисот во македонското општество.** Имајќи во предвид дека околу канабисот сеуште постои голема стигма, незнаење и неверување за неговите здравствени придобивки, поребно е да се испланира и реализира голема национална кампања за промоција на придобивките од канабисот. Ваквата кампања ќе овозможи заеднички настап на Владата на РСМ заедно со сите чинители и активисти во овој сектор.
6. **Припрема на соодветни образовни курикулуми на образовните институции во секторите: земјоделие, фармација и медицина.** Градењето на силна индустрија за канабис и коноп е единствено можно со вклучување на сите образовни институции кои можат да помогнат во процесот на градење на знаење и зајакнување на човечкиот потенцијал во РСМ. Само квалификуваната работна сила може да придонесе РС Македонија високо да се позиционира во овој сектор на светско ниво. Сега, кога и ООН и СЗО активно го промовираат овој сектор, ова е шанса што треба да се искористи.

**НВО Канабис Институт Пелагонија,** ул. Леце Котески бр.50, Прилеп
www.kip.org.mk / f.sekuloski@gmail.com / 078-246-732